# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 3/2022
## 17.03.2022 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на општина Неготино**

Се објавува **Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на општина Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.03.2022** година.

**Бр.09-214/1**
**17.03.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ 5/02) член 79 став 1 точка 1 од Статутот на општина Неготино ( „ Службен гласник “ на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ) , Советот на општина Неготино на ден **15.03.2022** година донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

### Член 1

Во Статутот на Општина Неготино ( „ Службен гласник “ на Општина Неготино, број 3/06:

- Во глава 5 точка 5 насловот **Совет на млади** се заменува со насловот **Локален младински совет**.
- Членот **115-з** се менува и гласи:

### Член 115-з

Општина Неготино формира Локален младински совет.

Бројот на членови на Локалниот младински совет на Општина Неготино е непарен и не надминува повеќе од 1/3 од членовите на Советот на Општина Неготино но не може да биде помалку од 5 лица. Бројот на членовите на Локалниот младински совет го утврдува иницијативниот одбор од членот **115-и** .

Членовите на Локалниот младински совет се жители на општина Неготино на возраст од 15 до 29 години.

Членовите на Локалниот младински совет имаат мандат од 2 години со право на уште еден избор.

Во случај член на младински совет да наполни 29 години во текот на мандатот, мандатот не му се прекинува.

Мандатот на член на **Локален младински совет** може предвреме да престане во случај на оставка, не присуство на состаноци на Локаниот младински совет подолго од 6 месеци или кога ќе се вработи во општинската администрација на Општина Неготино.

Во случај на престанок на мандатот на членот на Локалниот младински совет испразнетото место го пополнува кандидатот за член на Локалниот младински совет кој освоил помалку гласови од последно рангираниот член на локалниот младински совет согласно член **115-ј** , став 3 и став 4.

Членот **115-ѕ** се менува и гласи:

**Член 115 – ѕ**

Локалниот младински совет има советодавна и застапувачка улога во општината во делокругот на младински прашања и политики.

Локалниот младински совет одржува најмалку еден состанот во период од 3 месеци.

Заради обезбедување на услови за функционирање на Локалниот младински совет, општинската администрација на членовите на локалниот младински совет им :

- Укажуваат стручна помош во изработувањето на предлозите што тие му ги поднесуваат на Советот на општината;
- Обезбедуваат дополнителна документација која им е потребна за нивната работа;
- Се грижат на обезбедување на технички услови за нивната работа

Членовите на Локалниот младиснки совет имаат право :

- Да предлагаат точки на дневен ред на Советот на Општина Неготино кои ги засегаат младите;
- Да иницираат прашања за млади во делокругот на работа на Општина Неготино ;
- Да иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
- Да доставуваат информации до општинат за прашања кои се однесуваат на малдите;
- Да вршат други осветодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики;

Членот **115 – и** се менува и гласи:

**Член 115 – и**

За конституирање на локално собрание за млади се свикува иницијативен одбор составен од најмалку 5 претставници од формите на младинско организирање наведени во ставот 4 од овој член.

Иницијативниот одбор го распушува повикот за формирање конститутивно локално собрание за млади, на веб страната на општина Неготино по принципот на транспарентност и јавност.

Иницијативниот одбор од ставот 2 на овој член се формира само за одржување на конститутивно локално собрание на млади.

Во собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации на млади , политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Формите на организирање и здружување од ставот 4 на овој член не мора да бидат регистрирани со седиште во општина Неготино , но мора да имаат активности на територијата на општина Неготино.

Формите на организирање кои членуват во годишното собрание за млади номинираат делегат и заменик делегат кои се жители на општина Неготино.

Делегатот и заменик делегатот од ставот 6 на овој член се жители на општина Неготино на возраст од 15 до 29 години.

Локалното собрание за млади се одржува во рок од 10 до 20 денови по распишувањето на повикот согласно став 2 на овој член.

Член **115 - ј** се менува и гласи:

**Член 115 – ј**

Собранието на млади објавува јавен повик во траење од 10 до 20 денови за членови за Локалниот младински совет на веб страната на општина Неготино.

Собранието на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

Членовите на локалниот младински совет на Општина Неготино се верификуваат од страна на Советот на општина Неготино на првата наредна седница по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на општина Неготино.

Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик претседател.

Член **115 - к** се менува и гласи:

**Член 115 – к**

Локалната стратегија за млади и стратешки документ со кој во согласност со националната стратегија за млади се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младински политики унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

Локалната стратегија содржи Акциски план за реализација со дефинирани активности , динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведување на локалната стратегија за млади. Акцискиот план го донесува Советот на општина Неготино за период од една до три години.

Локалната стратегија за млади се изработува од страна на Локалниот совет на млади во соработка со стручни лица од администрацијата на Општина Неготино.

Локалната стратегија за млади ја донесува Советот на општина Неготино за период од 5 години.

Член **115 - л** се менува и гласи:

**Член 115 – л**

Општина Неготино формира канцеларија за млади од каде се координира работата на младите во општината и истата преставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво.

Младинскиот центар е места каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите , развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од интерес на младите и други аспекти од животот на младдите.

За работа со млади во младинскиот центар одговорни се младински работници.

Младинскиот центар се основа во соработка помеѓу локалниот младински совет, општината и младинските форми на организирање регулирани со Законот за младинско учество и младински политики.

Член **115 - љ** се менува и гласи:

**Член 115 – љ**

Општина Неготино е должна да одреди службеник за млади - лице одговорно за работењето за канцеларијата за млади кое е одговорно за координирање, спроведување и следење на прашање од интерес на младите во делокругот на надлежноститте на општината.

Службеникот за млади изготвува годишен извештај за работа на Општина Неготино во делокругот на млади и истиот го поднесува до Агенцијата за млади и спорт и го објавува на веб страната на Општина Неготино.

По членот **115 –љ** се додава нов член **115-м** кој гласи:

**Член 115-м**

Во буџетот на Општина Неготино за Локалниот совет на млади се предвидуваат средства во виснина од најмалку **0,1 %** од буџетот на општината.

**Член 2**

Се задолжува Комисијата за статут и прописи да изготви Пречистен текст на Статутот на Општина Неготино.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во **„ Службен гласник на Општина Неготино.“**

**бр.08-190/3**
**15.03.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино**
**за 2022 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.03.2022** година.

**Бр.09-214/2**
**17.03.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 95 став 1 од Законот за градежно земјиште Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и Сл весник на ЕСМ бр.275/19), член 14 став4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014; 44/2015; 116/2015; 150/2015; 31/2016; 71/2016 и 163/2016),член 8 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016 и 64/2018). член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(Сл.веник на РМ бр.15/13..........90/16,72/18 и Сл весник на Република Северна Македонија бр.16/2022). и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/2006, 2/2011, 9/2011 и 16/2012), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **15.03.2022** година ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А
## За изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година

### Член 1

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година се вршат следните измени:

Во пот програмата ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување по точка 8 се додава нова точка 9 кој гласи: Реконструкција на водоводна мрежа на улиците Димче Мирчев и Душан Преграц крак 2

Согласно измените и дополнување на Правилникот за степен на уредувањето на градежното земјише со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.веник на РСМ бр.15/15 .....190/16 и Сл.веник на РСМ бр.275/19 и 16/2022)Во точка 4.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ во пот

точките 4.5.3 - Трета зона алинеа 1; 4.5.4 Четврта зона – алинеа 1; 4.5.5.Пета зона – алинеа 3 4.5.6-Шеста зона - алинеа 3 ;4.5.7 Седма зона – алинеа 2 ии 4.5.8 Осма зона - алинеа 1 износот 6.260,00денари за стопнски објекти се заменува со износот од 8.615,00денари

Во точка 4.5.10 алинеа 11, алинеа 12, алинеа 13, алинеа 14 , алинеа 15 и алинеа 16 се менуваат и гласи:

- За објектите за произвоство на електрична енергија од обновливи извори (Биогориво,биомаса,геотермална енергијаа и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисика од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден од 0,01 и тоа

28718,00ден х 30% = 8.615.40 денари х 0.01 = 86,15 денари по $м^2$

- За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) , висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисоко од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната 2021година, помножена со коефициент 0,01 и тоа

28718,00ден х 20% = 5.743.60 денари х 0.01 = 57,43 денари по $м^2$ и тоа за 50% од површината на градежната парцела

- Надоместокот за поставување не електронска комуникациона мрежа изнесува 10 % од вкупната вредност на инвестицискиот проект и 5% за извршен надзор.Доколку инвеститорот нема доставен инвестициски проект, тогаш висината на надоместокот за поставување на подземен надземни кабли и столбови (дрвени , бетонски или метални) на дел од трупот на патотниот појас на општински пат и улица и други јавни површини се определува со направена пресметка од Одделението за комунални работи и сообраќај на општина Неготино одобрена од грдоначалникот на општината.

Барањето за добивање на Одобрението за поставување на инсталации во трупот на па и патниот појас на општински пат и улици и други јавни површини, доставува исклучиво инвеститорот како правен субјект кој е регистриран за основната дејност. Инвеститорот е должен пред отпочнување на вршење на прокопи да го извести правниот субјект кој стопанисува со постоечките подземна или надземниа инфраструктурна мрежа и инсталации какои надлежните служби на општина Неготино за нивно мислење.

-Надоместок за поставување на мрежи и водови за пренос на електрична енергија на дел од трупот на општински пат, улица или тротоар и или други јавни површини изнесува 10% од вкупната вредност на инвестициониот проект и 5% за извршен надзор од вкупната вредност . .Доколку инвеститорот нема доставен инвестициски проект, тогаш висината на надоместокот за поставување на подземен надземни кабли и столбови (дрвени , бетонски или метални) на дел од трупот на патотниот појас на општински пат и улица и други јавни површини се определува со направена пресметка од Одделението за комунални работи и сообраќај на општина Неготино одобрена од грдоначалникот на општината. Барањето за добивање на Одобрението за поставување на инсталации во трупот на па и патниот појас на општински пат и улици и други јавни површини, доставува исклучиво инвеститорот како правен субјект кој е регистриран за основната дејност.

- За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерница) висината на трошоците за уредување на градежното земјиште изнесува 1.200.000,00денари за една ветерница Барањето за добивање на Одобрението за поставување на инсталации во трупот на па и патниот појас на општински пат и улици и други јавни површини, доставува исклучиво инвеститорот како правен субјект кој е регистриран за основната дејност.

Во алинеа 16 Надоместокот за изградба на пристапен пат за ветерни елктрани се брише и алинеа 17 стаува алинеа 16.

Во Точка 4.15.12 Надоместок за поставување , реконструкција и за санација на инсталации во патниот и заштитен појас на нисконапонска мрежа алинеа 1 и алинеа 2 се бришата и се додава нова алинеа која гласи:

-Надоместокот за подземен и надземен кабел изнесува 10% од инвестицискиот проект и 5% за надзор од вкупната вреност.

Во Точка 4.15.13 Надоместок за поставување , реконструкција и санација на инсталации во тротоари и улици алинеа 1 и алинеа 2 се бришат и се додава нова алинеа која гласи:

-Надоместокот за подземен и надземен кабел, поставување на телекомуникациони кабли , нисконапонска елекромрежа, водоводна и атмосферска и фекална канлизациона мрежа изнесува 10% од инвестицискиот проект и 5% за надзор од вкупната вредност за зона прва,втора и трета зона, а за останатите зони надоместокот изнесува 8% од инвестицискиот проект и 5% за надзор од вкупната вредност. Доколку инвеститорот нема доставен инвестициски проект, тогаш

висината на надоместокот за поставување на подземен надземни кабли,поставување на телекомуникациски кабел, водовдна и канализациона мрежа и столбови (дрвени , бетонски или метални) на дел од тротоарот и улицата како и на патотниот појас на општински пат и улица и други јавни површини се определува со направена пресметка од Одделението за комунални работи и сообраќај на општина Неготино одобрена од градоначалникот на општината. По завршување на градежните активности на тротоарот или улицата се доведуваат во првобитна состојба од страна на изведувачот-инвеститорот.

Во Точка 4.15.14 став 1 се менува и гласи

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежно земјиште согласно со член 2 од Правилникот за степенот на уреденост за градежното земјиште со објекти на комуналната инфраст и начинот за утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, и точка 4.15.14 од оваа програма се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што преставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножени со следните коефициенти:

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно со точка 4.15.14 од оваа Програма после табела X се додаваат табели XI и XII и тоа:

| XI | За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори(биогориво,биомаса,геотермална енергија и хидро енергија) | коефициент |
|---|---|---|
| 1 | За сите простори | 0,01 |

| XII | За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергијаи(фотонапонски панели) | коефициент |
|---|---|---|
| 1 | За сите простори | 0,01 |

Во точка 4.5.15 став еден се менува точка 6.1.3 со точка 4.3.1

Во точка 4.5.16 став еден се менува точка 6.1.3 со точка 4.3.1

Во точка 4.5.17 по зборовите пресметана површина се се додават зборовите: согласно ставовите 4.3.1 и 4.15.15

Во точка 4.5.18 по зборовите не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето во РСМ за последната 2021 се додава сумата 28718,00денари помножена со коефициентите опишани во глава во табела IV од точка 4.5.14 и тоа:

28718,00ден х30% =8615 х0.01 = 86,15 денари

По точка 4.5.27 се додаваат уште три нови точки и тоа:

4.5.28. За објектите за производство на елекрична енергија од обновливи извори (биогориво,биомаса,геотермална енергија и хирдоенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка 4.5.14 глава XI од овој член.

4.5.29. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија(фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во тока 4.5.14 глава XII од овој член, и тоа за 50% од површината на градежната парцела

4.5.30.За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија( ветерници) , висината на трошоците за уредување на градежното змјиште не може да биде повисока од 1.200.000,00денари за една ветерница.

**Член 2**

Оваа Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-190/4** **Совет на општина Неготино**
**15.03.2022 година** **Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2022 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2022 година година** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.03.2022** година.

**Бр.09-214/3**
**17.03.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на чл. 50 став 1 т.6 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл. весник на РМ”бр. 32/20) и член 79 став 1 точка 6 од Статутот на општина Неготино (,,Сл.гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14и 13/20) Градоначалникот на Општина Неготино му предлага на Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **15.03.2022** година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2022 година**

**Член 1**

Во Програмата за **изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2022 год** се менува следното:

Во глава 2- **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ,**

- Табелата **2.2.2 „Планови во постапка“** се доплнува со:

| **Р.Б.** | **ЛОКАЦИЈА** | **Површина (Ха)** | **Начин на плаќање** |
|---|---|---|---|
| **УЕ 5**<br>**(УЗ 5)** | **БЛОК 16 (УРБАН БЛОК 5.1 )**<br>-Помеѓу улиците „Браќа | | општина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Миладиновци“, „Јован Димитров“, „Тимјаничка“, „Фемо Кулаков“ и „8 Ноември“, општина Неготино | 2,20 | |

- Табелата **2.9 „Изработка на урбанистички прокти согласно член 58 став 6“** се доплнува со:

| Р.Б. | | ЛОКАЦИЈА | Начин на плаќање |
|---|---|---|---|
| 4 | Неготино | ▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г3-Индустрија на финални производи и сервисни услуги и Г4-Згради на индустриски сервиси резервоари, силоси и складишта на КП 3927/4 КО Неготино, општина Неготино. | Самофинансирање |
| | | ▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г3-Индустрија на финални производи и сервисни услуги и Г4-Згради на индустриски сервиси резервоари, силоси и складишта на КП 3927/3 КО | Самофинансирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Неготино, општина Неготино. | |
| | | ▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г3-Индустрија на финални производи и сервисни услуги и Г4-Згради на индустриски сервиси резервоари, силоси и складишта на КП 3927/2 КО Неготино, општина Неготино.<br>▪ | Самофинансирање |
| | | ▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г3-Индустрија на финални производи и сервисни услуги и Г4-Згради на индустриски сервиси резервоари, силоси и складишта на КП 3882 КО Неготино, општина Неготино. | Самофинансирање |
| | | ▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г3-Индустрија на финални производи и сервисни услуги и Г4-Згради на индустриски сервиси резервоари, силоси и | Самофинансирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | складишта на КП 3890/1, КП 3890/4, КП 3891/5, КП 3891/4, КП 3881 и КП 3891/2 КО Неготино, општина Неготино. | |
| | | ▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба (локален пат за приклучок на ул.4 до Регионален пат Р 1103) КО Неготино, општина Неготино. | Самофинансирање |

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во **„Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр. 08-190/5**
**15.03.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата енергетска ефикасност за 2022 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата енергетска ефикасност за 2022 година** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.03.2022** година.

**Бр.09-214/4**
**17.03.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М,, бр.5/02 и член 79 став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **15. 03. 2022** година ја донесе следната

## ПРОГРАМА

### За изменување и дополнување на Програмата за енергетска ефикасност за 2022 година

### ВОВЕД

Програмата за енергетска ефикасност претставува дефиниран збир на активности и проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2022 година и кои по потреба ќе продолжат со реализација во 2023 година и кон кои во главно ќе бидат насочени активностите на Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште во општина Неготино. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуирано спроведување на активностите предвидени со неа во општината и Вардарскиот плански регион, кои треба да го подобрат нивото на енергетската ефикасност во општина Неготино и во општините од ВПР.

Програмата за енергетска ефикасност за 2022 година главно е ориентирана кон зголемување на активностите од енергетска ефикасност во Општина Неготино, како и кон ефикасно искористување на енергијата како ресурс. Финансиските извори за реализирање на активностите предвидени во програмата ќе бидат од различен карактер, од Буџет на општина Неготино, донации од домашни и странски донатори и други расположиви извори.

Програмата со активностите и проектите на општина Неготино, во областите на енергетската ефикасност за 2022 година ќе биде сообразена и во тесна корелација со Програмата за енергетска ефикасност на Општина Неготино за период 2022-2024 година и Акциониот план за ЕЕ за 2022 год. на Општина Неготино.

Посебно внимание ќе се посвети на заокружувањето на промената на уличното осветлување во Општина Неготино. Во текот на 2019 година на територијата на Општина Неготино со проектот ЕН ПОЛЛ беше извршена промена на уличното осветлување на 1 410 класични светилки, со енергетски ефикасни ЛЕД светилки. Од буџетот на Општината се променија 24 класични светилки на ул. „Партизанска" и 7 класични светилки на ул. „Маршал Тито", и 300 броја на 4 m канделабри. Со оваа промена на видот на светилките потрошувачката на електрична енергија кај заменетите светилки е намалена за повеќе од 70 %. За промена на светилките во Општина Неготино останаа светилките во населените места Курија, Црвени Брегови, Вешје, Горни Дисан и Калањево со вкупно 115 броја на светилки, како и околу 300 броја на 4 m канделабри. Во оваа програма се предвидени средства за набавка на штедливи светилки и нивно поставување со што ќе се заокружи замената на светилките во Општина Неготино. Повратот на средствата, со заштедите ќе се случи за не цела година.

Програмата со активностите и проектите на Општина Неготино во областите на енергетската ефикасност за 2022 година ќе се потпира на следните утврдени приоритети:

1) Утврдување на моменталната состојба на потрошувачка на енергија на објектите кои што се под надлежност на општината, како и потрошувачката на енергија во услугите што ги обезбедува (уличното осветлување и водоснабдувањето);
2) мерките за намалување на потрошувачката на енергија во објектите во

општинска сопственост;

3) мерките за намалување на потрошувачката на енергија во услугите што ги обезбедува општината (уличното осветлување и водоснабдувањето).
4) Контрола на показателите за потрошена енергија во 2021 година и 2022 година;
5) Заштеда на енергија, преку намалување на загубите и рационален однос кон енергијата во количина колку што може да се избегне непотребното трошење, подобрување на енергетските карактеристики на објектите и слично, а е остварливо со препорачани и преземени мерки за енергетска ефикасност;

6) Подигање на свеста кај корисниците на објектите и граѓаните за значењето на енергетската ефикасност, придобивките од истата и односот кон енергијата.

Дел од планираните активности во оваа програма ќе бидат целосно во согласност со Акциониот план за енергетска ефикасност за 2022 год. на општина Неготино и Програмата за енергетска ефикасност на Општина Неготино за период 2022-2024 година.

Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште во општина Неготино работи и на унапредување на енергетската ефикасност и во Вардаскиот плански регион, што значи дека и во наредниот период ќе учествува и во спроведување на Програмата за развој на Вардарски Плански Регион, пред се со подобрување на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори на енергија, како поединечно во општините така и на ниво на целиот Варадарски плански регион.

## НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Носител на Програмата за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2022 година е Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште во Неготино кое во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви оваа Програма и истото ќе биде одговорно за реализација на програмските активности за општина Неготино, и на програмските активности за општините од Вардарскиот плански регион во координација со останатите Одделенија и со лицата задолжени за енергетска ефикасност во општините од Вардарскиот плански регион. Одделението за енергетска ефикасност е кадровски екипирано со две лица од кои редовно едно високо стручен кадар – дипл. маш.инж.- енергетичар, и едно повремено лице соработник за подготовка на техничка документација.

## ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2022 година е концепирана преку предложени активности и проекти и временска рамка во следниве под-програми: ГД и ЈА:

| Ред бр. | Проект/Активност | Вкупно планирани средства во МКД | Буџет на општина Неготино во МКД | Други извори на финансирање МКД |
|---|---|---|---|---|
| **ГД0** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2021 согласно АП за ЕЕ (реконструкција и подобрување на енергетските карактеристики на објектите) **482 830** | 30 000 | 30 000 | 1 500 000 |
| 2. | Изработка на проектна документација за улично осветлување **482 810** | 10 000 | 10 000 | |
| 3. | Поставување на соларни колектори за СТВ на градски стадион, и спортска сала „Младост" **482 830** | 370 000 | 370 000 | |
| 4. | Набавка на ЛЕД рефлектори осветлување на спортски објекти **482 830** | 600 000 | 600 000 | |
| 5. | Подигање на свеста кај граѓаните за значењето на енергетската ефикасност и придобивките од неа **426 990** | 5 000 | 5 000 | |
| В К У П Н О | | 1 015 000 | 1 015 000 | 1 500 000 |
| **ЈА** | | | | |
| 2. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2022 согласно АП за ЕЕ (изградба на јавно осветлување) на дел од Маршал Тито, и други улици во градот и населените места **482 820** | 1 500 000 | 1 500 000 | |
| В К У П Н О | | 1 500 000 | 1 500 000 | 500 000 |
| **ГД0 и ЈА: В К У П Н О** | | **2 515 000** | **2 515 000** | **2 000 000** |

Под-програми ГД 0 и ЈА-Проекти за енергетска ефикасност

**ВКУПНО ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА**

| Под-програма | Опис | Вкупно во МКД | општина Неготино во МКД | Други извори во МКД |
|---|---|---|---|---|
| ГД 0 | **проекти за енергетска ефикасност** | **1 015 000** | **1 015 000** | **1 500 000** |
| ЈА | **Реализирање на проекти од ЕЕ** | **1 500 000** | **1 500 000** | **500 000** |
| ВКУПНО | **Одделение за енергетска ефикасност** | **2 515 000** | **2 515 000** | **2 000 000** |

Временска табела на активности на Одделението за ЕЕ за 2022 година

| **ГД0** | **Проекти за енергетска ефикасност** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Проект | | | | | | | | | | | | |
| 1. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2021 согласно АП за ЕЕ (реконструкција и подобрување на енергетските карактеристики на објектите) | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Изработка на проектна документација за улично осветлување | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 3. | Поставување на соларни колектори за СТВ на градски стадион, и спортска сала „Младост“ | | | X | X | X | x | X | X | X | | | |
| 4. | Набавка на ЛЕД рефлектори за осветлување на спортски објекти | x | x | x | x | X | X | X | X | X | X | x | x |
| 5. | Подигање на свеста кај граѓаните за значењето на енергетската ефикасност и придобивките од неа | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| **JA** | | | | | | | | | | | | | |
| 6. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2021 согласно АП за ЕЕ<br><br>(изградба на јавно осветлување) на дел од ул. Маршал Тито, и други улици во градот и населените места | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |

## ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамките на програмата за енергетска ефикасност за 2021 година се во висина од **4 515 000** денари. Од други извори планирани се вкупно **2 000 000** денари и тоа од домашни и меѓунаридни институции, донации, агенции и фондови на ЕУ**.** Од буџетот на општина Неготино се планира да бидат финансирани од под-програмите ГД0 и ЈА во висина од **2 515 000** денари.

## РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Програмата се финансира преку посебни ставки од Буџетот на Општина Неготино

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за локален економски развој и** Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење, поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и учествува во инплементацијата на активностите од програмата.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во **„Службен гласник“ на Општина Неготино.**

**бр. 08-190/6**
**15.03.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Неготино**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.03.2022** година.

**Бр.09-214/5**
**17.03.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 80-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 64/18) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Советот на општина Неготино, на седницата, одржана на **15.03.2022** година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## За изменување и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино

### Член 1

Во Програмата **бр.08-228/4** од **02.05.2018** година за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино се вршат следните измени:

**Во точка 2.6 Детски игралишта и спортски реквизити**

- во кругот на СРЦ Младост се додава– поставување на маса за пинг понг ;
- во паркот спроти Градски Музеј се додава– поставување на маса за пинг понг;
- детско игралиште во Саат Кула се додава– поставување на маса за пинг понг ;
- детско игралиште на Тимјанички пат на раскрсница со улица Марксова се додава – поставување на маса за пинг понг ;

**Во точка 2.8 фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци** се додава нова алинеја ( улица Христо Ботев во близина на градски пазар ) поставување на чешма.

**Во точка 2.15 урбана опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња храна и сладолед** се додава нова алинеја ( паркинг простор пред Градска капела)

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во **„ Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр.08-190/7**
**15.03.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Неготино за периодот 01.01.2021-31.12.2021 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Неготино за периодот 01.01.2021-31.12.2021 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.03.2022** година.

**Бр.09-214/6**
**17.03.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 и 13/20), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **15.03.2022** година го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино за периодот 01.01.2021- 31.12.2021 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино за периодот **01.01.2021 – 31.12.2021** година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-190/8**
**15.03.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршен годишен попис на Општина Неготино за 2021 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Извештај за извршен годишен попис на Општина Неготино за 2021 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.03.2022** година.

**Бр.09-214/7**
**17.03.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино,“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 и 13/20 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **15.03.2022** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Извештај за извршен попис на Општина Неготино за 2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Неготино го усвои Извештајот за извршениот годишен попис на општина Неготино за 2021 година.

- Извештајот за извршениот годишен попис на општина Неготино за 2021 година бр. **09-79/4** од **31.01.2022** година е составен дел од овој Заклучок.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во **„ Службен гласник на општина Неготино“ .**

**бр.08-190/9**
**15.03.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната сметка на Буџетот на Општина Неготино за 2021 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на на Годишната сметка на Буџетот на Општина Неготино за 2021 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.03.2022** година.

**Бр.09-214/8**
**17.03.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/2002 год.) и член 33 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.61/2004, 96/2004 и 67/2007 , 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и 244/19 год,) Советот на Општина Неготино на 7 редовна седница одржана на **15.03.2022** година, донесе

## ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ

### На Општина Неготино за 2021 година

### 1. Општ дел

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на Општината Неготино за 2021 година се состои од

| | ПЛАНИРАНО<br>износ | ОСТВАРЕНО<br>износ |
|---|---|---|
| **I ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **411.175.305** | **359.258.550** |
| Даночни приходи | 64.162.113 | 53.423.196 |
| Неданочни приходи | 25.951.000 | 19.234.097 |
| Капитални приходи | 33.150.000 | 12.827.462 |
| Приходи од дотации | 212.093.627 | 211.831.647 |
| Приходи од трансфери | 60.545.439 | 54.176.181 |
| Приходи од донации | 15.273.127 | 7.765.967 |
| | | |
| **II ВКУПНИ РАСХОДИ** | **476.840.656** | **382.684.918** |

| | | |
|---|---|---|
| Од утврдени намени | 475.840.656 | 381.985.320 |
| Расходи од резерви | 1.000.000 | 699.598 |
| **III ДЕФИЦИТ /СУФИЦИТ** | **-65.665.350** | **-23.426.368** |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | **65.665.350** | **23.426.368** |
| **Прилив** | **68.215.350** | **25.976.246** |
| **Прилив од домашни заеми** | **19.893.030** | **18.911.889** |
| **Приливи од странски заеми** | | |
| **Депозит** | 48.322.320 | 7.064.357 |
| **Одлив** | **2.550.000** | **2.549.878** |
| отплата на главница | 2.550.000 | 2.549.878 |

**Член 2**

Планираните приходи и приливи по извори и видови , и расходи и одливи по основни намени, се искажуваат во Билансите на приходите и расходите на Завршната сметка на Буџетот на Општината како што следи

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ ПО ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Потставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | | 183.128.805 | 134.078.161 | 14.730.000 | 9.535.720 | 238.385.884 | 220.273.808 | 15.273.127 | 7.765.967 | 19.893.030 | 18.911.889 | 479.380.868 | 380.585.335 |
| 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 64.162.113 | 53.423.198 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 64.162.113 | 53.423.198 |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 5.300.000 | 4.753.411 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.300.000 | 4.753.411 |
| 713 | Даноци на имот | 18.000.000 | 18.084.017 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.000.000 | 18.084.017 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 41.237.113 | 29.821.548 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 41.237.113 | 29.821.548 |
| 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1.625.000 | 764.222 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.625.000 | 764.222 |
| 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 12.221.000 | 9.698.377 | 13.730.000 | 9.535.720 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.951.000 | 19.234.097 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 1.060.000 | 661.378 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.060.000 | 661.378 |
| 723 | Такси и надоместоци | 71.000 | 34.210 | 13.730.000 | 9.535.720 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.801.000 | 9.569.930 |
| 724 | Други владини услуги | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.000 | 0 |
| 725 | Други неданочни приходи | 10.850.000 | 9.002.789 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.850.000 | 9.002.789 |
| 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 33.160.000 | 12.827.462 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 33.160.000 | 12.827.462 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 33.160.000 | 12.827.462 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 33.160.000 | 12.827.462 |
| 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 83.585.692 | 58.129.116 | 1.000.000 | 0 | 238.385.884 | 220.273.808 | 15.273.127 | 7.765.967 | 0 | 0 | 338.234.513 | 286.168.891 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 83.585.692 | 58.129.116 | 1.000.000 | 0 | 238.385.884 | 220.273.808 | 0 | 0 | 0 | 0 | 320.961.386 | 278.402.724 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.147.027 | 7.439.857 | 0 | 0 | 15.147.027 | 7.439.857 |
| 744 | Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 126.100 | 326.110 | 0 | 0 | 126.100 | 326.110 |
| 75 | ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.893.030 | 18.911.889 | 19.893.030 | 18.911.889 |
| 754 | Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.893.030 | 18.911.889 | 19.893.030 | 18.911.889 |

1

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ЗАВРШНА СМЕТКА

Ниво на: Ставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
